Врз основа на член 37 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ„ бр. 202/24), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 21.10. 2026 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за свикување на дваесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе

Дваесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **27.10. 2026 година (вторник) со почеток во 15:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

Д н е в е н р е д

-Усвојување на Записник од деветнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 24.09. 2026 година;

Точка 1

Предлог – Одлука за формирање Комисија за расход по извршен вонреден попис на основните средства и ситен инвентар во општинската зграда на Општина Свети Николе;

Точка 2

Предлог – Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со намена Б2-згради за трговија на кп 869, кп 891, кп 892/1, кп 892/2, кп 893, кп 894/1 м.в. Гумниште КО Преод Општина Свети Николе;

Точка 3

Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2026 година;

Точка 4

Предлог – Одлука за измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2026 година;

Точка 5

Предлог – Одлука *за* давање на трајно користење на движни ствари без надомест за потребите на ЈОУДГ “Рахилка Гонева” Свети Николе;

Точка 6

Предлог – Одлука за примање донација од ДМ ДРОГЕРИЕ МАРКТ дооел Скопје;

Точка 7

Извештај за извршен вонреден попис на основни средства и ситен инвентар во зградата на Општина Свети Николе со состојба до 15.09. 2026 година;

Точка 8

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за трет квартал за 2026 година;

Точка 9

Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за трет квартал од 01.01.2026 година до 30.09. 2026 година;

Точка 10

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски - збирен за трет квартал на Општина Свети Николе за 2026 година;

Точка 11

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и јавните претпријатија основани од општините од 01.01. до 30.09. 2026 година;

Точка 12

Барање финансиска помош од лицето А.Д.

Точка 13

Барање финансиска помош од лицето Д.М.

Точка 14

Барање финансиска помош од лицето К.К.

Точка 15

Барање финансиска помош од лицето Л.Т.

Точка 16

Барање финансиска помош од лицето М.Ј.

Точка 17

Барање финансиска помош од лицето С.Т.

Точка 18

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Љ.С.

Точка 19

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Р.Д.

Точка 20

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето У.П.

Точка 21

Барање за ослободување од комунална такса за јавно осветлување од лицето Д.Н.

Бр. 0801 - 426
21.10. 2026 година
Свети Николе

Совет на Општина Свети Николе
Претседателка,
Оливера Арсов с.р.